Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дванесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 октомври 2021 година**

**Скопје, октомври 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дванесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 октомври 2021 година**

Седницата започна во 13:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Елена Манчева, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерство за економија

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Наумче Мојсоски, директор на Агенцијата за млади и спорт.

Од седницата отсуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финанси, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 108-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 септември 2021 година, Записникот од 109-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 октомври 2021 година и Записникот од 110-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври 2021 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Агенда Европа дома
- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година - 31 декември 2021 година

1. Информација за потребата од основање самостоен државен орган -Агенција за антидопинг на Република Северна Македонија

2. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности

3. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.17574 КО Битола)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.1091/1 КО Сретеново)

6. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

7. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам

8. Барање на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје за користење на дополнителни финансиски средства за режиски трошоци

9. Полугодишен извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2021 година до 30.6.2021 година

10. Информација во врска со Мислење од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со Решение од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, за спроведување на заштитни мерки за спречување или ограничување на ширење на болеста африканска чума кај дивите свињи

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за услуги(*), по скратена постапка

12. Информација за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, со Предлог-документ (Non-paper)

13. Информација за спроведување на ИПА проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Кичево“ (градба и надзор)

14. Информација во врска со барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО - Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145

15. Извештај за извршени преговори за усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република, Владата на Република Словенија и Владата на Република Бугарија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството, со усогласен текст на Спогодба

16. Информација за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата („Disaster Relief and Military Mobility Exercise 2021"), во Република Словенија, со Предлог-одлука

17. Информација со предлог за поведување на постапка за пристапување кон ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување

18. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа Корупција за 2020 година

19. Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2020 година)

20.Предлог-решение за назначување на копретседавач, членови и нивни заменици на Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска

21. Информација за потребата од подготовка на план на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории

22. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот

23. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за здравство

24. Иницијатива поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.92/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-COV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/2021)

25. Иницијативи за поведување на постапка за оценување на уставноста, поднесени од Офелија Христовска од Битола и Бојан Милчин, Живко Мановски, Марко Коловски, Јованка Ефтимова и Гоче Борисов, сите од Скопје, двете поведени за член 2, став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021)

26. Известување во врска со укажувањето на Народниот правобранител за начинот на отстранување на констатираните повреди, а во врска со Уредбата за утврдување на буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт

27. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.73 за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.684, дел 0, викано место/улица Брест

28. Понуда од нотар Никола Спасовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3755 за КО Ѓорче Петров 5 -Лепенец, на КП бр. 2320, викано место/улица ул. Лука Геров

29. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12174, за КО Сарај, на КП бр. 10710/13 и КП бр.10710/3, викано место/улица Сарај

30. Известување од извршител Гордана Џутеска за понуда за користење право на првенствено купување на имот каде како сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.94643 за КО Охрид 2

31. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 13 октомври 2021 октомври, доставен под И.бр.1536/21, за недвижен имот запишан на ИЛ бр.144, за КО Суви Дол

32. Кадровски прашања

33. Прашања и предлози

34. Информација во врска со Извештајот на Европската комисија до Европскиот парламент и Советот, Четврт извештај под Механизмот за суспензија на визите

35. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сметка за редовно работење)

36. Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2020 година

37. Извештај за ревидираниот Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020 година

38. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за првото тримесечје (од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година)

39. Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за второто тримесечје (од 1 април 2021 до 30 јуни 2021 година)

40. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД - Скопје, за периодот јануари-март 2021 година

41. Тримесечен извештај за работа на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за период април-јуни 2021 година

42. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година

43. Информација во врска со извршната постапка И.бр207/2009 што се води пред извершител Андреја Буневски од Скопје против Должникот УНИУС-ИС ДООЕЛ Тетово по барање за извршување од доверител Република Северна Македонија И.бр.550/13

44. Информација за формирање на комисија од страна на Владата на Република Северна Македонија, со претставници од македонската страна, која произлегува од склучен Меморандум за разбирање за соработка во врска со физибилити студијата за патот Призрен-Тетово, со Предлог - решение

45. Информација за формирање на комисија од страна на Владата на Република Северна Македонија, со претставници од македонската страна, која произлегува од склучен Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во врска со рехабилитирање на тампон зоната „Блаце“ помеѓу двата гранични објекти на двете држави, со Предлог-решение

46. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија

47. Информација за склучување на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги Армос балкан ДОО - Скопје, со Предлог-одлука

*

*  *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 108-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 септември 2021 година, Записникот од 109-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 октомври 2021 година и Записникот од 110-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 октомври 2021 година

*

*  *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Агенда Европа дома**

Владата го разгледа материјалот Агенда Европа дома (статус 13.10.2021 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства, во рок од 10 дена да ја пополнат табелата во прилог на овој заклучок со податоци за услугите кои се опишани во сите закони за кои тие се предлагачи, и да ја достават на адресата за е - пошта kataloguslugi@mioa.gov.mk.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 14 дена, да ја извести Владата за статусот на доставените податоци од страна на министерствата со предлог за следни чекори за пополнување на Каталогот на услуги.

3. Се задолжува Централниот регистар на Република Северна Македонија да достави листа на лиценци и дозволи со кои располага до Министерството за информатичко општество и администрација и до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во рок од седум дена.

4. Се задолжува Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги на наредната седница да ја извести Владата за причината за прекин на издавање на електронски изводи за корисниците кои се најавуваат на порталот на Управата за водење на матични книги (https://e-portal.uvmk.gov.mk/login), без при тоа да го користат Системот за единствена најава (Single Sign On) на Националниот портал за е-услуги (https://uslugi.gov.mk/).

5. Се задолжува Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги на наредната седница да ја извести Владата за причината за прекин на интеграцијата со Системот за единствена најава (Single Sign On) на Националниот портал за е-услуги (https://uslugi.gov.mk/).

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година - 31 декември 2021 година**

Владата заклучи:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, врз основа на Барањето на Министерството за правда да се измени и тоа:

- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, да се достави најдоцна до 31 декември 2021 година.
Согласно овој заклучок, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.
2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.
3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2021-31.12.2021 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од основање самостоен државен орган - Агенција за антидопинг на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во рок од шест месеци да иницира и оствари координативни средби со претставници на националните анти-допинг организации на земјите од непосредното соседство и ВАДА (Светска антидопинг агенција) со цел за размена на искуства од кои ќе произлезат препораки за најдобра пракса согласно релевантни индикатори, по што ќе изготви компаративна анализа со можни решенија и препораки за организациската поставеност и фискалните импликации заради основање на Агенција за антидопинг на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт во рок од осум месеци да ја достави компаративната анализа до Владата, со предлози за најсоодветни можни решенија и препораки за основање на Агенција за антидопинг на Република Северна Македонија.

Исто така, предлагачот да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, според кое треба да се преиспита предложеното решение за формирање на посебна Агенција за антидопинг, со оглед дека во Законот за спортот веќе е уредено дека за спроведување на Конвенцијата за антидопинг контрола во Република Северна Македонија, при органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот се формира Национална антидопинг комисија).

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за катастар на недвижности и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата условно го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.17574 КО Битола), со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности и ја донесе Одлуката со заклучок истата претходно номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности и условно ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со заклучок, Министерството за транспорт и врски да се произнесе со соодветно мислење и текстот на Предлог - одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за транспорт и врски - Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, во предложениот текст.

3. Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје за користење на дополнителни финансиски средства за режиски трошоци, за првата седница на Владата по завршување на изборниот процес, имајќи го предвид Решението за распишување избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.185/21), а во меѓувреме Министерството за здравство во соработка со Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје и Министерството за финансии да утврдат начин на којшто ќе се обезбедат потребните финансиски средства на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје.

**Точка 9**

Владата го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2021 година до 30.6.2021 година.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Мислење од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со Решение од страна на Агенција за храна и ветеринарство, за спроведување на заштитни мерки за спречување или ограничување на ширење на болеста африканска чума кај дивите свињи, ја усвои и го задолжи Јавното претпријатие „Национални шуми“ - Скопје да организира и спроведе засилен отстрел на дивите свињи, согласно Решението од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, број 10-173/1 од 18.2.2020 година, кое се уште е во важност, во ловиштата со кои стопанисува и на ловиштата доделени со присилна концесија.

**Точка 11**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за услуги(*), по скратена постапка, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата истиот да се разгледа заедно со Предлогот на закон за безбедност на мрежи и информациски системи.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на преговори за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, со Предлог-документ (Non-paper), ја усвои Информацијата и го прифати новиот текст на Предлог-документот (Non-paper) за продолжување на преговорите за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Кичево“ (градба и надзор) и ја усвои Информацијата со заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот за градба, на квартална основа да ја информира Владата за статусот на спроведување на проектот.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Секретаријатот за европски прашања, дека потребно е Владата да биде информирана за резултатите од тендерските постапки.

**Точка 14**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневниот ред Информацијата во врска со барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО - Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори за усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република, Владата на Република Словенија и Владата на Република Бугарија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството, со усогласен текст на Спогодбата и притоа заклучи:

1. Го усвои новиот текст на Извештајот за извршени преговори за усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република, Владата на Република Словенија и Владата на Република Бугарија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството.

2. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република, Владата на Република Словенија и Владата на Република Бугарија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството.

3. Се определува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Советот на министри на Босна и Херцеговина, Владата на Република Хрватска, Владата на Унгарија, Владата на Република Северна Македонија, Владата на Црна Гора, Владата на Република Србија, Владата на Словачката Република, Владата на Република Словенија и Владата на Република Бугарија за соработка и координација на потрагата и спасувањето во областа на воздухопловството.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии дека сите активности поврзани со спроведување на Спогодбата, надлежните институции да ги спроведуваат во рамките на сопствените буџети.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата („Disaster Relief and Military Mobility Exercise 2021"), во Република Словенија, со Предлог-одлука, ја усвои

Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата („Disaster Relief and Military Mobility Exercise 2021“), во Република Словенија, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за поведување на постапка за пристапување кон ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда во рок од седум дена предлогот за поведување на постапка за пристапување кон ратификација на Меѓународната конвенција за заштита на сите лица од присилно исчезнување да го достави до Министерството за надворешни работи.

**Точка 18**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа Корупција за 2020 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 19**

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2020 година) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2020 година).

2. Се задолжуваат сите министерства, Нацрт-извештајот за ПВР да го доставуваат на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по истекот на минималниот рок од 20 дена за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

3. Се задолжуваат сите министерства за сите закони кои се утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија во текот на 2020 година, да извршат објава на Извештајот за ПВР заедно со предлогот на закон на Единствениот национален електронски регистар на прописи, во рок од 20 дена по разгледување на Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари - декември 2020 година) од страна на Владата.

4. Се задолжуваат сите министерства за сите закони кои се утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија во текот на 2020 година, во рок од 30 дена по разгледување на Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари - декември 2020 година) од страна на Владата, до Министерството за информатичко општество и администрација да достават одговори на Прашалникот за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на поединечни предлог - закони даден во Прилог бр. 2 од овој извештај.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување на копретседавач, членови и нивни заменици на Комитетот за партнерство, трговија и соработка меѓу Република Северна Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од подготовка на план на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Инспекцискиот совет во соработка со Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Управата за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи, во рок од 30 дена да подготви план на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории.

2. Се задолжува Инспекцискиот совет да доставува периодични шестмесечни извештаи до Владата за реализација на планот на мерки и активности за доследно спроведување на Законот за заштита од пушењето и санкционирање на пушењето во јавни простории.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност-Кавадарци за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од обласга на медицината на трудот, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за здравство, со заклучок истата да биде усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.92/2021 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-COV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/2021) и притоа го утврди следново мислење:

1. Подносителот на иницијативата ја оспорува уставноста на член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/2021), со кој е пропишано:

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр.263/2020, 269/2020, 275/2020, 287/2020, 292/2020, 298/2020, 304/2020, 306/2020, 317/2020, 13/2021, 45/2021, 53/2021, 55/2021, 58/2021, 64/2021, 65/2021, 75/2021, 87/2021, 94/2021, 100/2021, 106/2021, 109/2021, 113/2021, 116/2021, 119/2021, 126/2021, 133/2021, 139/2021, 141/2021, 146/2021, 153/2021, 162/2021 и 176/2021), во член 13, точка 2 во алинејата 2 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Алинејата 3 се брише.

Точката 10. се менува и гласи:
„10. Се забранува во сите угостителски објекти и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, прием на посетители и гости и послужување во затворениот дел на објектите, а во текот на работното време се дозволува работа на отворените делови - тераси од угостителскиот објект и служење пијалаци во внатрешноста на казината, обложувалниците и автомат клубовите, почнувајќи од 16 август 2021 година. Угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично) можат да ја организираат работата како ресторани на отворено во отворениот дел од угостителскиот објект, односно на терасите и да организираат свадби со присуство на музичари, согласно соодветниот наменски протокол и се дозволува работа само на отворените делови - тераси од угостителските објекти, почнувајќи од 16 август 2021 година.
Исклучок од став 1 од оваа точка, се угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид, како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување) за посета од лицата сместени во овие објекти.“.
По точката 10 се додаваат две нови точки 11. и 12. кои гласат:
„11. Се забранува влез во секаков вид на објект, вклучително и во угостителски објекти, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица, за настан од секаков вид (прослава, веселба, свадба, роденден, крштевка, концерт, семинар, обука, работилница, конференција, културен или спортски настан), без поседување и приложување на потврда за извршена имунизација од вирусот SARS-CoV-2, најмалку прва доза на вакцина, почнувајќи од 16 август 2021 година.
Наредената мерка од ставот 1 од оваа точка, задолжително се применува и за организација, работа и присуство/учество и на секаков вид на настан на отворен простор, каде има повеќе од 30 присутни посетители/гости/лица.
Потврдата од ставот 1 од оваа точка, не се однесува за лица под 18 - годишна возраст.

12. Се забранува организација и работа без ангажирање и присуство на редарска служба, во објекти, капацитети, простории кои даваат услуги кон корисници - угостителски објекти, кафетерии, барови, ноќни клубови (дискотеки), како и угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), на бензинските станици, казината и обложувалниците и други објекти кои во склоп на истиот даваат угостителски услуги, угостителските објекти кои се регистрирани за прослави (веселби, свадби, родендени, крштевки и слично), како и при организирање настан од секаков друг вид (концерт, семинар, обука, курсеви, состаноци, работилница, конференција, културен или спортски настан), почнувајќи од 16 август 2021 година.“
Точката 11 станува точка 13.“
Според подносителот на иницијативата, со мерките пропишани во оспорената одредба, граѓаните ги изгубиле нивните основни загарантирани права и тоа правото на еднаквост пред законите, право на сигурност и тајност на податоците и правото на

приватност, ја ограничил неприкосновената слобода, правото на јавен настап, правото да се прими и пренесе информација, односно правото на јавно информирање, а со тоа ефективно е забранета слободата на говор, како и правото на протест, односно можноста граѓаните мирно да се собираат, односно правото на јавен собир, а со тоа ефиктивно државата вовела цензура. Исто така, со одредбата државата забранила луѓето да се вработуваат, односно да работат и штрајкуваат. Со ова практично се забранети или ограничени скоро сите права, загарантирани со Уставот и тоа со подзаконски акт, а сето тоа заради тоа што граѓаните не сакаат да извршат определена медицинска интервенција - вакцинација. Со ова според подносителот значи дека Република Северна Македонија не е демократска држава и тоа е во директна спротивност со член 1, став 1 од Уставот. Согласно Одлуката единствено имунизираните лица против SARS-CoV-2 целосно ги уживаат граѓанските права загарантирани со Уставот.

2. Во членот 27 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено:

„Член 27
Секој граѓанин на Република Северна Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште.
Секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.
Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.“

Членот 39 од Уставот на Република Северна Македонија вели:

„Член 39
На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.
Граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите.“

Во член 55 од Уставот на Република Северна Македонија е предвидено:

„Член 55
Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.
Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.
Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.“

Со член 28 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004, 139/2008, 99/2009, 149/2014, 150/2015 и 37/2016 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/2020), е предвидено:

„Член 28
Лицата кои се заболени од заразни болести кои можат непосредно да се
пренесат на други лица се изолираат во текот на лекувањето.
Лицата заболени од колера, цревен тифус и паратифус, чума, антракс, бруцелоза туберкулоза, лепра, тетанус, дифтерија, менингококна болест, гасна гангрена, болеста од ХИВ, легионерска болест, повратна треска, пегав тифус, Брил-Зинцерова

болест, детска парализа, беснило, вирусен енцефалит пренесен со крлежи, други вирусни енцефалити, жолта треска, хеморагични трески, маларија и лајшманијаза задолжително се лекуваат во здравствени установи за лекување на заразни болести.
Лицата заболени од коронавирус COVID-19 задолжително се лекуваат во јавни здравствени установи.
По исклучок од ставот 3 на овој член, лицата заболени од коронавирус COVID-19, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија или во домашни услови, доколку за тоа постојат услови.
Доколку во јавните здравствени установи од ставот 3 на овој член, се исполнети капацитети за лекување на лицата заболени од коронавирус COVID-19, доколку кај лицата примени во приватната здравствена установа во текот на укажувањето на здравствените услуги за дијагностицирање, лекување, третман, нега и рехабилитација во установата е утврдено присуство на причинителот SarsCov-2 вирус за заразната болест коронавирус COVID-19 во нивниот организам, како и во други случаи (недостиг на здравствени работници, здравствени соработници и други вработени лица во јавната здравствена установа и слично), по претходно дадена согласност од страна на Министерството за здравство, лекувањето на лицата може да се врши и во приватни здравствени установи кои имаат дозвола за вршење на дејноста за интензивна нега и терапија.
Заради спречување на ширењето и сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението, можат да се наредат следниве времени мерки:
1. носењето лична заштита на лицето (респираторна маска, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично) при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени установи и слично), освен:
1) при спортување на отворен простор или на затворено со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
2) при возење во приватно патничко моторно возило ако возачот е сам или со лице/лица со кој/кои што живее во заедница;
3) при престојување во двор на семејна куќа, сам или со лице/лица со кој/кои што заедно живеат во заедница;
4) при седење во угостителски објект со почитување на специфичните протоколи за заштита (дистанца, дезинфекција и слично);
5) ако се користи друг тип на заштитна опрема специфична за определено работно место;
6) ако лицето е помладо од 6 годишна возраст (дете) и
7) ако лицето има специфична здравствена состојба, е лице со посебни потреби или е лице со пречки во развој поради што носењето на лична заштита на лицето би било проблематично или контраиндицирано.

2. задолжителна самоизолација при тестирање за коронавирус COVID-19 од закажување на тестот или самото тестирање до добивање на резултатот, а самоизолацијата продолжува доколку резултатот е позитивен;

3. забрана за групирање на јавен простор (паркови, јавни површини или која било површина на отворено) во одредени периоди од денонокието и

4. други мерки утврдени со закон.

Мерките од ставот 6 на овој член траат додека постои опасност од ширење на епидемијата.

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството за здравство одлучува кои од мерките од ставот 6 на овој член ќе се применат, случаите во кои ќе се применат и за кој временски период.
Во здравствените установи за лекување на заразните болести задолжително се изолираат и лицата за кои се сомнева дека боледуваат од колера, чума, вирусни хеморагични трески (ebola, lassa и marburg), детска парализа и дифтерија.
За заболени од белодробна чума и вирусни хеморагични трески (Ebola, Lassa и marburg) кои се пренесуваат од човек на човек, при лекувањето се применува мерката строга изолација (карантин).
Лицата кои се заболени од други заразни болести, по медицински индикации, се лекуваат и изолираат и во други здравствени установи или домашни услови, доколку за тоа постојат услови.“

Во член 58 од Законот за заштита на населението од заразни болести е пропишано:

„Член 58
Кога со мерките пропишани со овој закон не е можно во Република Северна Македонија да се спречи внесување и ширење на одредени заразни болести, Владата на Република Северна Македонија на предлог на Министерството може да ги нареди следниве мерки:
1) да одреди услови за патување, како и мерки и услови при враќање од држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
2) да забрани патување во држава каде што постои можност за заразување со посебно опасни заразни болести;
3) да воспостави посебен режим на движење или да забрани движење на населението во заразените, односно загрозените подрачја;
4) да забрани собирање на населението на јавни собири, во кино сали, училишта, јавни објекти, локали и други јавни места, додека трае опасноста од ширење на заразната болест;
5) да ограничи или забрани промет на одделни видови на стоки и производи и
6) други мерки пропишани со овој закон.“

3. Согласно претходното, Уставот на Република Северна Македонија гарантира слободи и права на граѓаните, но истовремено предвидува и исклучоци со кои се ограничуваат истите заради заштита на здравјето на луѓето. Во оваа насока е и уставната одредба која предвидува право, но и должност на граѓанинот да го чува и унапредува не само сопственото здравје, туку и здравјето на другите.

Токму заради операционализација на овие одредби од Уставот на Република Северна Македонија со Законот за заштита на населението од заразни болести е предвидена можноста заради заштита на здравјето на луѓето да се преземат мерки кои иако значат ограничување на некои слободи и права на граѓаните, немаат за цел ограничување на слободите и правата на граѓаните туку се оправдани заради заштита на здравјето на граѓаните.

Оттука, оспорената Одлука е само примена на горенаведените одредби во конкретна ситуација кога се исполнети сите услови за определување на мерките предвидени со Одлуката.

Имајќи го предвид горенаведеното, член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена (Службен весник на Република Северна Македонија бр.187/2021) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-Cov-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.187/2021).

**Точка 25**

Владата ги разгледа иницијативите за поведување на постапка за оценување на уставноста, поднесени од Офелија Христовска од Битола и Бојан Милчин, Живко Мановски, Марко Коловски, Јованка Ефтимова и Гоче Борисов, сите од Скопје, двете поведени за член 2, став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021) и притоа го утврди следното мислење:

Имајќи предвид, дека со оспорениот член 2 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021), се утврдува ограничување на користењето на правото на продолжување на договорот за вработување најдоцна до 30 јуни 2022 година, подносителите на иницијативите сметаат дека содржината на истиот е во спротивност со членот 8, став 1, алинеја 3, член 9, став 2 и со член 52, став 4 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8, став 1, алинеја 3 од Уставот на Република Северна Мкаедонија, една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката е и владеењето на правото.

Членот 9 од Уставот, во својот став 2 утврдува дека граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Понатаму, согласно член 52, став 4 од Уставот, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021), се менува членот 104 и истиот утврдува дека договорот за вработување работодавачот го прекинува кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж, доколку со друг закон поинаку не е уредено.

Во член 2 став 1 се предвидува дека за поднесените изјави за продолжување на договорот за вработување до 31 август 2021 година се применуваат одредбите од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015,

33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/2019 и 267/2020), а со ставот 2 дека договорот за вработување од ставот 1 на овој член важи до истекот на времето за кое е продолжен, а најдоцна до 30 јуни 2022 година.

Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019 и 267/2020), во членот 104 го уредуваше прекинувањето на договорот за вработување поради возраст на работникот со кој има склучено договор за вработување. Во ставот (1) од овој член, беше дефинирано дека работодавачот го прекинува договорот за вработување кога работникот ќе наполни 64 години возраст и ќе има најмалку 15 години пензиски стаж. Наведените години на потребен пензиски стаж се во тесна врска со условот за стекнување на право на старосна пензија, согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016, 35/2018, 220/2018 и 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/2019 и 31/2020). Од оваа причина, ваквото законско решение имплицира дека наведените услови за прекинување на договорот за вработување треба да се гледаат кумулативно и дека работодавачот не може да го раскине договорот за вработување, иако работникот наполнил 64 години возраст, доколку работникот има договор за вработување на неопределено работно време, а нема најмалку 15 години стаж на осигурување. Токму поради кумулативноста на условите од членот 104 став (1), понатаму, во истиот член се разработуваше можноста за продолжување на договорот за вработување на доброволна основа, односно со поднесена изјава за продолжување на договорот за вработување од страна на работникот, во точно детерминиран рок за поднесување, кој не можеше да биде подолг од 31 август во годината којашто и претходи на годината за која се бара продолжување на договорот. Продолжувањето на договорот за вработување, согласно оваа одредба од законот, можеше да се остварува се до навршување на 67 години возраст на работникот, кога по сила на законот, договорот за вработување мораше да се прекине.

Со досегашното законско решение, а имајќи ги предвид кумулативните услови за прекин на договорот за вработување, меѓу другото, се даваше една законска рамка со која се овозможуваше поголем број на работници коишто не го исполнувале условот предвиден за должината на стажот на осигурување, кој пак е минимален услов за остварување на правото на старосна пензија, да го продолжат договорот за вработување, со цел да се стекнат со услов за старосна пензија, затоа што дотогашната содржина на истиот член, не дозволуваше работа по наполнување на 65 години возраст. Ваквото решение, врз основа на анализите на имплементацијата на законот, овозможи поголем број на работници да го исполнат условот за стекнување на право на старосна пензија. Пред воведувањето на овој правен институт беше можно на работниците коишто биле во работен однос, за истиот од страна на работодавачите да не им биле уплатувани придонеси од плата, поради тогашниот систем кој овозможуваше платата да се уплаќа директно на работникот, а придонесите од плата да се уплатуваат поединечно на институциите кои требаше да ги примаат и регистрираат. Со законските промени и со воведувањето на интегриран пристап на пресметка и исплата на плата и придонеси на плата и нивната интегрирана уплата преку Управата за јавни приходи, беше оневозможена исплата на плата без уплатени придонеси од плата, што практично значеше исклучување на можноста од поинаква

должина на работниот однос и пензиски стаж. Со новото законско решение, се укинува можноста за продолжување на договорот за вработување до 67 години со изјава на работникот и притоа, се потврдува двостраноста на работниот однос, односно се отстранува задолжителноста за продолжување на договорот за вработување, по еднострананата изјава на волја на работникот. Дополнително, со самиот факт дека овој закон стапи во сила на 14 јули, а сепак дозволува, како и претходно, да се поднесуваат барања за продолжување на договорот за вработување до 31 август 2021, што значи месец и половина по донесувањето на законот, се гледа интенцијата на законодавецот со продолжувањето да бидат опфатени што повеќе работници, а не истите да се стават во нерамноправна положба пред законот.

Во оваа смисла, а имајќи предвид дека Законот за работните односи и неговите правни институти се поврзани и со Законот за пензиското и инвлалидското осигурување, јасно и недвосмислено е дека новото законско решение не е во спротивност со член 8, од став 1, алинеја 3 и член 9, став 2 и член 52, став 4 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи продолжувањето на договорот е овозможено и се користи до одреден момент, во конкретниот случај до 30.6.2022 година. Дополнително, и со новото законско решение, со кое се менува членот 104, и понатаму останува можноста договорот за вработување да се продолжува и после овој рок, доколку работникот се уште нема стаж на осигурување од 15 години, односно доколку нема кумулативно исполнување на условите предвидени во членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021).

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека членот 2 став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/2021) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ги прифати иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 2, став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021).

**Точка 26**

Владата го разгледа Известувањето во врска со укажувањето на Народниот правобранител за начинот на отстранување на констатираните повреди, а во врска со Уредбата за утврдување на буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централната власт (,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/21) и согласно мислењата на Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација заклучи да го извести Народниот правобранител дека:

Реформата на јавната администрација (РЈА) претставува континуиран процес на реорганизација на институциите во јавниот сектор и унапредување на нивниот административен капацитет, а воедно и еден од клучните приоритети во пристапното партнерство и важен предуслов во процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија. Иницијативите за модернизација и унапредување на администрацијата се постојано актуелни. На државната и на јавната администрација се гледа како на основа на целокупниот јавен сектор од кој зависат процесите и развојот во секое демократско општество. Работата во јавниот сектор ги одразува демократските вредности во целина и во таа смисла сите институции имаат

одговорност да работат кон остварување на подобра вредност за граѓаните и бизнисите и со тоа да обезбедат социјален и економски развој, односно просперитет на државата во целина.

Управувањето со човечки ресурси е процес на управување со вработените во институциите на структуриран и темелен начин. Функцијата на управување со човечки ресурси освен активностите за ангажирање на луѓе, нивна обука и развој, исто така, вклучуваат управување со пристапот кон бенефициите и надоместоците на вработените, евиденцијата на вработените и кадровските политики. Човечките ресурси се фокусираат на максимизирање на продуктивноста на вработените, како и за спроведување на политиките и процесите во организацијата.

Способноста на институциите да ги привлечат, мотивираат и задржат вработените, е клучна компонента во развивање на одржлива конкурентна предност. Трендовите на работната сила посочуваат дека вработените може да не останат во истата институција во текот на целата своја кариера. Токму поради оваа причина, институциите мора да поседуваат силни механизми за задржување на своите вработени.

Преку креирање на прилагодени стратегии за задржување на вработените, клучните вработени ќе останат во институцијата и ќе продолжат да бидат продуктивни членови на истата.

Во процесот на реформа на јавната администрација, се согледа важноста на информациите и податоците во однос на испразнетите работни места и профилот на кадарот што ја напуштил јавната администрација. Идентификување на каков профил ја напушта организацијата е особено важно и тесно поврзано со понатамошниот развој на самата институција како и способноста понатаму да ги извршува квалитетно своите функции. Имено, кога институцијата ја напуштаат вработени со високи перформанси, кои поседуваат висока стручност и знаење и чиј профил е во дефицит на пазарот на трудот е исклучително штетно за самата институција бидејќи тие истовремено се тешко заменливи. Во тој случај е потребна стратегија за нивно задржување.

Законодавецот, во Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 и 215/21), го уредил престанокот на работниот однос на административниот службеник, и тоа со писмена спогодба, по писмено барање на административниот службеник, по сила на закон како и во други случаи утврдени со овој закон и колективен договор.

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Министерството за информатичко општество и администрација ги врши работите што се однесуваат на развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници, развојот и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси и др.

Од друга страна, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, согласно член 13 став од Законот за работни односи, е должна да води и трајно да ја чува евиденцијата на пријавите и одјавите во социјално осигурување на работникот.

Одливот на административните службеници од органите на државната управа, поради разни причини е голем. За креирање на политика за задржување на административните службеници потребно е да се направи анализа на состојбата,

преку прибирање на податоци за бројот на одливот на административни службеници, основот за нивното заминување, степенот и видот на образование, пол и возраст. Се со цел на надминување на сегашната состојба на одлив на квалификуван кадар од органите на државната управа, и донесување на политика за задржување, потребна е флуктуација на податоци и знаење од сите страни.

Согласно Извадокот од Нацрт - записникот од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2021 година, се задолжија сите органи на државна управа, а им се укажа на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Фондот за осигурување на депозити, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од седум дена по усвојување на Информацијата до Министерството за информатичко општество и администрација да достават податоци за испразнување на работни места по сите основи за период од 2015 до 2020 година, а и се укажа на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рок од седум дена од усвојување на Информацијата до Министерството за информатичко општество и администрација да достави податоци за прекин на работен однос во органите на државната управа за период од 2015 до 2020 година.

Министерството за информатичко општество и администрација од добиените податоци изработи анализа за периодот од 1.1.2015 година до 31.12.2020 година, се со цел да се утврди бројот на испразнувања од органите на државна управа, основите за овие испразнувања, претставено со проценти во однос на вкупниот број на заминувања.
Анализата е направена се со цел на утврдување на јасни препораки, чија цел е создавање на политика на задржување на кадрите во органите на државната управа.
Врз основа на добиените податоци од институциите и од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во периодот од јануари 2015 година, до крајот на 2020 година, вкупно 8.276 вработени ги напуштиле органите на државната управа и институциите од централна власт.

По сеопфатна анализа на податоците кои Министерството ги добило, утврдено е дека најголем број на заминувања 4.956 се во сите 16 министерства.

Доколку се направи споредба со Извештајот од регистарот на вработени во јавниот сектор за 2020 година, ќе се утврди дека имаме вкупно 6.017 вработени во министерствата, односно во периодот од 5 години околу 40% на вработени си заминале. Од нив најголем број или 907 си заминале по основ на преземање, потоа 538 по основ на пензија, 302 на барање на вработеното лице, 263 по основ на спогодбен престанок, 156 по основ отказ и 71 поради смрт. Доколку се разгледаат податоците поединечно, најголем број на заминување имаме во Министерството за политички систем и односи меѓу заедници и тоа 678, од кои 582 се преземени во други институции. Потоа е Министерството за одбрана со 373 вработени и Министерството за финансии со 236 вработени, а најмалку е Министерството за локална самоуправа со 7 вработени.

Во опфат на цитираната Уредба се и секретаријатите и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија. Доколку се погледнат добиените податоци се заклучува дека во трите секретаријати и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија бројот на испразнување на работни места е 654 вработени, од кои 473 се од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, 137 се од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, 37 се од Секретаријатот за европски прашања и 7 се Секретаријатот за законодавство.

Доколку се направи споредба со Извештајот од Регистарот на вработените во јавниот сектор за 2020 година ќе се утврди дека од Секретаријатот за европски прашања се испразнети 43% работни места, а од Секретаријатот за законодавство 30%.

Во однос на сите институции кои се опфатени со Уредбата за утврдување на буџетските корисници од централна власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината на остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници на централна власт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/21), ситуацијата е следна: вкупно 5.626 работни места се испразнети и тоа 41% по основ на пензија, 30% по основ на преземање во друга институција, 11% по барање на вработениот, 9% по основ на отказ, 6% по основ спогодбен престанок и 3% поради смрт.

Имајќи ги предвид погоре наведените податоци, процентот на испразнување на работни места е голем.

Донесувањето на политики за задржување, мотивирање и привлекување на стручен кадар е повеќе од неопходен, имајќи предвид дека токму министерствата и стручните служби на Владата (секретаријатите), се носечката сила на исполнување на стратешките приоритети и програмите за работа на Владата.

Кадарот кој си заминува од институциите е незадоволен од системот на плата кој е утврден во Законот за административни службеници, односно вработените во министерствата и секретаријатите добиваат иста плата како и сите вработените во органите на државната управа, дури иста плата и како вработени во општините.

Министерството за информатичко општество и администрација во изминатиот период работеше на донесување на нова политика за мотивирање, наградување, задржување и привлекување на стручен кадар во администрација. Политика која ќе ја надмине големата флуктуација не само како квантитет туку и како квалификуван, стручен, искусен и обучен кадар.
Утврдување на политика со која ќе бидат наградени најдобрите и највредните.

Имајќи предвид дека ситуација секоја година е поалармантна од претходната, донесувањето на долгорочно решение е повеќе од потребно.

Предлогот на законот за административни службеници е објавен на ЕНЕР на 17 септември оваа година.

Со членот 8-а, од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на буџет („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/12), се утврди дека вработените во буџетскиот корисник од централната власт имаат право на додаток на плата висина до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетскиот корисник се обезбедени средства за оваа намена. Буџетските корисници, поблиските критериуми за остварување на правото на додатокот и начинот на утврдување на висината на додатокот од ставот 1 на овој член на предлог на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија. Додатокот не се исплаќа на вработените во буџетскиот корисник од централната власт на кои им е утврдено правото на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, освен додатоците на плата за ноќна работа, работа во смени, работа за време на

неделен одмор, работа за време на празници утврдени со закон и работа подолго од полното работно време.

Со утврдување на основот во Законот за извршување на буџет се утврди само краткорочно решение кое ќе ги ублажи негативните ефекти со кои се соочуваат институциите.

Донесувањето на системското ново решение ќе биде законски регулирано и подеднакво ќе се применува на сите административни службеници, секако доколку ги исполнуваат утврдените услови.

Согласно член 8-а став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.23/20 и 171/21), вработените во буџетскиот корисник од централната власт имаат право на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетскиот корисник се обезбедени средства за оваа намена. Буџетските корисници, поблиските критериуми за остварување на правото на додатокот и начинот на утврдување на висината на додатокот ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Согласно овластувањето утврдено во член 8-а став 2 од Законот, Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба како подзаконски акт и со истата се утврдуваат буџетските корисници од централната власт, поблиските критериуми и начинот на утврдување на додатокот на плата.

Во однос на укажувањето дека е потребно да бидат утврдени јасни критериуми врз основа на кои ќе се врши изборот на лица на кои ќе им се даде награда или друг паричен надоместок упатуваме на член 4 од Уредбата, согласно кој висината на додатокот на плата изразен во проценти од основната плата на вработените во буџетските корисници во зависност од критериумите изнесува;

- за специфичности на работите и работните задачи - 15 %,
- за зголемен обем на работа - 15%.

Висината на додатокот на плата може да се утврдува и кумулативно врз основа на критериумите од став 1 на овој член при што вкупниот додаток на плата може да изнесува до 30% од износот на основната плата.

Притоа во членот 5 од Уредбата утврдено е дека критериумот специфичност на работите и работните задачи опфаќа;

- извршување на посеопфатни работи и работни задачи во однос на задачите кои вообичаено се извршуваат,
- достапност на вработениот на раководното лице на институцијата,
- извршување на работни задачи во скратени рокови и постоење на итно постапување,
- извршување на работи и работни задачи поврзани со класифицирани информации,
- подготовка на стратешки документи анализи и извештаи од сложен карактер од надлежност на буџетскиот корисник,

Согласно членот 6 од Уредбата критериумот- зголемениот обем на работа опфаќа;
- значително зголемен обем на работа поради недоволен број на вработени и одлив на кадар,

- извршување на работи и работни задачи на отсутен работник во текот на подолг временски период, а при тоа нема вработено лице за негова замена на определено време.
- извршување на дополнителни работни задачи врз основа на задолжение во писмена форма, решение или овластување, а истите не се во описот на работното место,
- учество во работни групи, комисии, комитети или тела за кои со општ акт или посебен пропис не е определен надоместок за учество во работата на истите,
- извршување на работни задачи кои произлегуваат од проектни активности во организационата единица.

Според погорецитираните одредби на Уредбата, двата основни критериуми се детално разработени преку дефинирање на по пет поткритериуми за секој од нив, што значи дека се утврдени јасни и прецизни критериуми врз основа на кои ќе се определат вработените кои можат да го остварат правото на додаток на плата.

Овие поткритериуми се мерливи и директно поврзани со определените работи и работни задачи во актите со кои на вработените им се утврдени видот и начинот на нивно извршување и не оставаат простор за дискреционо одлучување во однос на тоа кој може да го оствари ова право на додаток на плата.

Впрочем, на идентичен начин се утврдени и додатоците на плата за судските и јавнообвинителските службеници, каде со закон е уредено правото на додаток на плата, а со подзаконски акт (Правилник) е уреден начинот на утврдување и висината на додатоците на плата.

Во дописот, се укажува дека преку Уредбата се врши дискриминација пред се што истата остава можност раководното лице на одреден орган/институција/установа, субјективно и дискреционо да ги примени општите критериуми на Уредбата и да награди одредена група на вработени без реално да се вреднува трудот на сите од поединечниот колектив.

Понатаму, во укажувањето се наведува и дека голема е веројатноста за доделување на оваа парична награда на лица кои се од слична или блиска политичка припадност на раководното лице, кое дискреционо би вршело селекција на лицата на кои треба да им биде исплатен надоместок од 30%.

Во однос на наведеното, укажуваме дека согласно член 7 од Уредбата, предлог за остварување на правото на додаток на плата може да поднесе непосредно претпоставениот административен службеник, раководниот административен службеник, секретарот и раководното лице на буџетскиот корисник за оној административен службеник кој ги исполнува критериумите коишто се поблиску определени во членот 5 и членот 6 од Уредбата.

Ова значи дека предлогот се доставува првенствено од непосредно претпоставениот административен службеник, оној кој има директен и непосреден увид во специфичноста и обемот на работа на административниот службеник кој работи во неговата организациона единица. Останатите можности за доставување на соодветен предлог се дадени во случај кога во организационата единица не е пополнето работното место на непосредно претпоставен административен службеник.

Притоа, согласно Уредбата, предлогот за остварување на правото на додатокот на плата се доставува на посебен образец во кој треба да се прецизираат посебните критериуми врз основа на кој истиот се темели и се дава соодветно образложение

зошто непосредно претпоставениот административен службеник цени дека административниот службеник во неговата организациона единица треба да добие додаток на плата за соодветниот месец. Ова значи дека раководното лице на институцијата не може субјективно и дискреционо да утврди додаток на плата на административниот службеник, доколку нема аргументиран и добро образложен предлог од страна на непосредно претпоставениот административен службеник и доколку не бидат исполнети поединечно наведените критериуми.

Оттука, предлогот за остварување на правото на додаток на плата не е дискреционо право на раководното лице на институцијата, од причина што истиот го поднесува раководниот административен службеник, од каде произлегува дека во никој случај не може да стане збор за доделување на додаток на плата на лица кои се од слична или блиска политичка припадност на раководното лице, бидејќи раководното лице е должно само да одлучи по предлогот што е доставен од раководниот административен службеник.

Во укажувањето, се наведува дека со донесената Уредба исклучени се дел од институциите во кои, исто така, работат административни службеници со што се врши дискриминација во сферата на работните односи.

Во однос на овие наводи укажуваме дека Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во член 8-а став 2 уредува овластување за Владата да ги определи буџетските корисници од централната власт во однос на можноста на вработените во истите да го остварат правото на додаток на плата.

Со Уредбата се опфатени сите министерства како органи на државна управа без да има исклучување на било кое министерство, како и Владата на Република Северна Македонија, стручните служби на Владата и Државниот завод за ревизија. Притоа, во член 4, став 4 од Уредбата, каде се прецизирани буџетските корисници, се утврдува дека доколку вработените остваруваат право на додаток на плата со посебен закон и/или колективен договор, на истите нема да им се исплаќа овој вид на додаток на плата.

Укажуваме дека голем дел од буџетските корисници на централната власт преку посебните закони веќе имаат утврдени додатоци на плата (Закон за Управата за јавни приходи, Закон за Царинската управа, Закон за Собранието на Република Северна Македонија, Закон за јавнообвинителска служба, Закон за судска служба, Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Закон за инспекциски надзор, Закон за извршување на санкции, Закон за катастар на недвижности и други).

Исто така, во членот 8-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, предвидено е дека вработените кај буџетските корисници од централната власт кои работат во органите и структурите за управување со инструментот за претпристапна помош ИПА имаат право на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата, а кои, исто така, се административни службеници.

Оттука произлегува дека со дел од веќе донесените законски прописи исклучени се дел од институциите во кои, исто така, работат административни службеници и со истите за административните службеници се предвидени додатоци на плата за вршење на исти или слични работни задачи, само поради различниот статус на буџетскиот корисник. Сето ова доведува до одлив на квалитетен и искусен кадар од буџетските корисници наведени во Уредбата.

Од оваа причина, токму оваа уредба претставува еден вид коректив, односно истата претставува механизам со кој се дава можност и дел од вработените во буџетските корисници наведени во членот 3 од Уредбата да остварат додаток на плата поради дополнителениот придонес во извршување на специфични работи и работни задачи, сложеност и зголемен обем на работа.

Во однос на забелешката дека нееднаквиот третман при селекција на лицата кои треба да примат надоместок на плата како награда ќе доведе до поголем раздор во институциите /органите во кои би се исплаќала парична награда, што ќе доведе и влошување на односите меѓу поединците, се цени дека, напротив, со оваа уредба ќе се придонесе до поголема мотивираност на вработените за извршување на поспецифични работи и работни задачи и додатокот на плата предвиден со оваа уредба ќе претставува мотив за административните службеници максимално да се посветат во извршувањето на работата и работните задачи.

Во однос на потсетувањето и дека Уставот на Република Северна Македонија со членот 9 воспоставува еднаквост на граѓаните по повеќе основи и дека како потписници на Европската конвенција за основните човекови права, државата се обврза да воспостави третман на еднаквост што е предвидено со членот 14 и Протоколите на истата укажуваме дека членот 9 од Уставот пропишува дека граѓаните на Република  Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Исто така, и членот 14 од Европската конвенција за основните човекови права пропишува дека уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Од ова произлегува дека донесената Уредба не е спротивна на Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак на членот 14 од Европската конвенција за основните човекови права, бидејќи истата не ги дели административните службеници по полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, туку ги дели на административни службеници кои извршуваат специфични работи и работни задачи и зголемен обем на работа и административни службеници кои не извршуваат вакви работи и работни задачи, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Во овој контекст е и забелешката во повикувањето на членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во кој е пропишано дека дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во однос на тоа се укажува дека согласно членот 5 од истиот закон, насловен како Дискриминаторска основа, пропишано е дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група,

јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Имајќи предвид дека Уредбата не ги дели административните службеници врз некоја од дискриминаторските основи наведени во членот 5 од овој закон, произлегува дека истата покрај тоа што не е спротивна на Уставот на Република Северна Македонија, Европската конвенција за основните човекови права и нејзините Протоколи, не е спротивна ниту на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во однос на наводите дека предметната Уредба е донесена на 5 август 2021 година, во предизборен период и дека нејзиното донесување може да се разбере како поткуп на гласови и популистичка мерка, укажуваме дека временскиот период на донесување на Уредбата беше условен со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, кој влезе во собраниска процедура на 8.6.2021 година, но беше донесен на 28.7.2021 година. Со оглед дека овој закон претставува законски основ за донесување на предметната Уредба, истата не можеше да се донесе порано, а неопходноста од нејзиното донесување е поради времениот карактер на Законот и на Уредбата (до крајот на 2021 година). При тоа укажуваме дека локалните избори беа распишани на 6 август 2021 година, што значи по донесување на предметната Уредба.

Самото донесување на Уредбата како подзаконски акт на Владата не би можело да се третира како предизборен поткуп, со оглед дека станува збор за општ пропис, донесен врз законски основ, а не поединечен акт со кој се даваат поволности на поединци, односно субјекти.

Исто така, додатоците на плата ќе бидат утврдени согласно буџетските можности, односно исплатата на додатокот на плата и неговата висина е во зависност од фискалниот простор и слободните средства кои му стојат на располагање на буџетскиот корисник во планираната маса на плати. Доколку во масата на плати на буџетскиот корисник има слободни средства, истите би можеле да се искористат за исплата на додаток на плата, во спротивно, додатоците на плата нема да се исплаќаат. Ваквата конципираност на самата Уредба е во насока и на спроведување на определбата на Владата на Република Северна Македонија за оптимизирање на јавната администрација преку промени во нејзиниот обем, структура и квалитет.

На ваков начин, буџетските корисници се стекнуваат со инструмент со кој во услови на одлив на кадарот би ги задржале постојните вработени и би ги стимулирале истите преку овој вид на додаток поефикасно, поодговорно и поквалитетно да ги извршуваат специфичните и зголемените работни задачи при намален број на вработени, а кои не секогаш спаѓаат во нивните редовни работни обврски и редовниот начин на извршување на овие работни обврски.

Човечките ресурси преставуваат најдрагоцениот капитал на институциите  и тие се оние кои се справуваат со комплексни и сложени промени и реформи во областа за која се надлежни, па поради тоа стручноста компетентноста и квалитетот на вработените во институцијата,  се клучен фактор за напредок на институцијата, и во крајна линија и напредок на државата.

За секоја институција од исклучителна важност е  задржување на стручните кадри кои се носители на процесите на работа неопходни за остварување на дејноста, поради што е потребно обезбедување на соодветно наградување на вработените, со

оглед на фактот дека постојната законска регулатива за платите на административни службеници, предвидува исти бодови за плата за вработените со исто звање на работно место (исто ниво на работно место и ист степен на образование), и со истата не е предвидено соодветно наградување на вработени во институцијата кои оптоварени со работни задачи со поголема сложеност, комплексност и одговорност и имаат голем удел во остварувањето на стратешките планови и програми и цели на институцијата.

Предметната Уредба е од времен карактер и истата се применува заедно со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година до истекот на 2021 година.

Согласно горенаведеното се смета дека со посочената Уредба со која се утврдуваат поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во институциите - буџетски корисници од централната власт, нема да се врши дискриминација на одредени вработени во институциите, туку напротив со истата врз основа на критериумите утврдени во истата (специфичност во работите и работните задачи и зголемен обем на работа) се овозможува дополнителен мотив за задржување на работните места на административните службеници кои имаат исклучителен придонес во остварување на надлежностите на институцијата и истата ќе има позитивно влијание врз мотивираноста на вработените за попосветено и максимално вложување со цел постигнување на позитивни резултати во работата на институциите.

<u>**Точка 27**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.73 за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.684, дел 0, викано место/улица Брест и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

<u>**Точка 28**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Спасовски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 3755 за КО Ѓорче Петров 5 -Лепенец, на КП бр. 2320, викано место/улица ул. Лука Геров и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

<u>**Точка 29**</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12174, за КО Сарај, на КП бр. 10710/13 и КП бр.10710/3, викано место/улица Сарај и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

<u>**Точка 30**</u>

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордана Џутеска за понуда за користење право на првенствено купување на имот каде како сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.94643 за КО Охрид 2 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 31**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба која ќе се одржи на 13 октомври 2021 октомври, доставен под И.бр.1536/21, за недвижен имот запишан на ИЛ бр.144, за КО Суви Дол, за наредната седница на Владата, откако претходно истото ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достават мислења по Известувањето.

**Точка 32**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 33**

**1.**Владата се информираше со Барањето од Државната изборна комисија за преземање на соодветни активности во насока на решавање на проблемот за спроведување на изборните дејствија во изборниот процес, доставено под бр.11-2492/1 од 11 октомври 2021 година и заклучи:

- Се препорачува на сите општини согласно законската обврска на денот на изборите да обезбедат превозни средства за потребите на Државната изборна комисија, за транспорт на изборниот материјал и членовите на избирачките одбори, како и за дезинфекција на избирачките места во текот на изборните дејствија за изборите за членови на советите на општините и градоначалници на општините и за избор на Совет на Градот Скопје и градоначалник на Градот Скопје.

**2.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 30 септември 2021 година до 6 октомври 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 2 октомври 2021 година до 8 октомври 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија.

**4.**Владата во врска со Предлогот на мерки од Комисијата за заразани болести при Министерството за здравство, во врска со заштита на населението од заразната болест

COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и спречување на неговото ширење, под бр.09-1240/41 од 9.10.2021 година и согласно предлозите изнесени при расправата на седницата ги донесе следниве заклучоци:

1) Во установите кои организираат настани во затворен простор (театри, кина, филхармонија и други) се одобрува зголемување на бројот на посетители, од 30% на 50% од капацитетот на просторот (салата) под услов посетителите да приложат сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени две дози на вакцина против заразната болест COVID-19.

Организаторите на настаните се должни да ги спроведуваат и контролираат сите препорачани превентивни мерки за спречување на ширење на COVID-19 во објектите и да организираат редарска служба која ќе проверува дали посетителите поседуваат сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени две дози на вакцина против заразната болест COVID-19.

2) Во установите за згрижување и воспитување на деца, се дозволува влегување во групата на други возрасни лица кои ќе бидат вклучени во реализација на воспитно - образовни активности од дејноста згрижување и воспитание на деца доколку истите поседуваат сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, односно примени две дози на вакцина и поминати 14 дена од примената втора доза на вакцина против заразната болест COVID-19, и притоа секое лице мора да носи задолжителна лична заштитна опрема (маска) и да го почитува целосно Протоколот.

3) Се дозволува учесниците на спортските натпревари - спортистите пионери, кадети и младинци, без приложување на сертификат/потврда за извршена имунизација (вакцинација) од вирусот SARS-CoV-2, да учествуваат на официјални натпревари и други турнири организирани исклучиво од национални спортски федерации кои имаат Решение за вршење дејност спорт, притоа максимално да се почитуваат превентивните мерки, со препорака сите лица над 12 - годишна возраст да се вакцинираат.

4) Се дозволува учениците со посебни потреби или со пречки во развојот, кај кои носењето на лична заштита на лицето при реализацијата на воспитно - образовниот процес би било проблематично или контраиндицирано, да бидат ослободени од носење на лична заштита (заштитна маска), со претходно доставена медицинска потврда од лекар.

5) Се задолжува Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство Барањето за воведување на исклучок од правила за професионални возачи на превоз на стока при влез во државата, поднесено од Макам транс, да го достави на разгледување до Министерството за транспорт и врски.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**5.**Владата го разгледа Известувањето со укажување за итно преземање на мерки и активности за предмет бр.02-165/10 од 24.9.2021 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**6.**Владата го одложи разгледувањето на Барањето за доделување на земјиште на Република Северна Македонија за потребите на локалната самоуправа на Општина Росоман, доставено од Општина Росоман, под бр.09-434/1 од 29.9.2021 година, со заклучок истото да се разгледа на првата седница на Владата по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот на Европската комисија до Европскиот парламент и Советот, Четврт извештај под Механизмот за суспензија на визите, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сметка за редовно работење), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сметка на редовно работење) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 36**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажува да изостане Образложението кон Годишниот извештај како беспредметно, согласно Мислењето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 37**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за ревидираниот Акциски план за формализирање на неформалната економија 2018-2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 38**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за првото тримесечје (од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година), како материјал за информирање, при што да се има предвид дека рокот за доставување на Извештајот, согласно Законот за јавните претпријатија е изминат.

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта, за второто тримесечје (од 1 април 2021 до 30 јуни 2021 година), како материјал за информирање.

Истовремено, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта да има предвид дека рокот за доставување на Извештајот, согласно Законот за јавните претпријатија е изминат.

## Точка 40

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на М-НАВ АД Скопје, за период јануари-март 2021 година, како материјал за информирање, со укажување истиот да се доставува за разгледување до надлежните институции навремено, односно веднаш по завршување на периодот, за кој се однесува.

## Точка 41

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за периодот април-јуни 2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на предлагачот извештајот да го доставува за разгледување до надлежните институции навремено, односно веднаш по завршување на периодот за кој се однесува.

## Точка 42

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за период од 1 април 2021 година до 30 јуни 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 43

Владата ја разгледа ново доставената сопственичка документација (Имотен лист) по Информацијата во врска со извршната постапка И.бр207/2009 што се води пред извршител Андреја Буневски од Скопје против Должникот УНИУС-ИС ДООЕЛ Тетово по барање за извршување од доверител Република Северна Македонија И.бр.550/13, и притоа заклучи:

- се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да го извести извршителот Андреја Бунески од Скопје дека Владата на Република Северна Македонија како доверител во постапката за извршување по предметот И.бр.207/09 ја прифаќа промената со која прибелешката од Имотниот лист бр.33720 да биде избришана и истата да се стави на Имотниот лист бр.110320.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија од страна на Владата на Република Северна Македонија, со претставници од македонската страна, која произлегува од склучен Меморандум за разбирање за соработка во врска со физибилити студијата за патот Призрен-Тетово, со Предлог - решение и ја усвои Информацијата со следниов заклучок:

- Го донесе Решението за формирање на комисија од страна на Владата на Република Северна Македонија за оценување на физибилити студијата за патот Призрен-Тетово, составена од претставници од македонската страна, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Решението со Секретаријатот за законодавство и да го дополни со претставници (член и заменик-член) од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија од страна на Владата на Република Северна Македонија, со претставници од македонската страна, која произлегува од склучен Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во врска со рехабилитирање на тампон зоната „Блаце“ помеѓу двата гранични објекти на двете држави, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на комисија од страна на Владата на Република Северна Македонија за соработка во врска со рехабилитирање на тампон зоната „Блаце“ помеѓу двата гранични објекти на двете држави, составена од претставници од македонската страна, со заклучок истото предлагачот претходно да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 46

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија, со заклучок, предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги Армос Балкан ДОО Скопје, со Предлог - одлука и Нацрт-договор, кои дополнително ќе бидат усогласени и дополнети согласно укажувањата изнесени во расправата на седницата од Секретаријатот за законодавство и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги Армос Балкан ДОО Скопје, во предложениот текст.

2.Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги Армос Балкан ДОО Скопје.

3. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија да го следи и врши контрола над спроведувањето на Договорот за доделување на финансиска поддршка на Друштвото за производство, трговија и услуги Армос Балкан ДОО Скопје.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**